# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 10 | КОЧАНИ, 11 ЈУЛИ 2022 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 09.07.2022 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 09.07.2022 година, и тоа:

1.Статут за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани, Бр.09-1422/1

2.Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2022 година , Бр.09-1418/1

3.Одлука за давање на согласност на Статут на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување „Светлина Ко 2022“-Кочани, Бр.09-1423/1

4.Одлука за прифаќање на предлогот на Советот на општина Штип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево, Бр.09-1427/1

5.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак“, Бр.09-1429/1

6.Одлука за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак“, Бр.09-1430/1

7.Одлука за давање согласност за примање на донација од Друштво за производство, промет и услуги ВТ Продакшн ДООЕЛ Скопје, Бр.09-1431/1

8.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-1437/1

9.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2022 година во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година, Бр.09-1415/1

10.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2022 година, Бр.09-1416/1

11.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот II квартал 2022 година , Бр.09-1417/1

12.Заклучок за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани , Бр.09-1421/1

13.Заклучок за прифаќање на Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво- Кочани, Бр.09-1426/1

14.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2023 година, Бр.09-1419/1

15.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани за 2023 година, Бр.09-1420/1

16.Заклучок за давање согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2022 година, Бр.09-1424/1

17.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2023 година, Бр.09-1425/1

18.Заклучок за прифаќање на Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво- Кочани, Бр.09-1426/1

19.Заклучок , Бр.09-1430/2

20.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Малина Попиванова“ – Кочани за 2023 година, Бр.09-1438/1

21.Решение за именување член во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево, Бр.09-1428/1

22.Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ – Кочани, од Совет на родители, Бр.09-1432/1

23.Решение за разрешување на членовите и именување членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани, Бр.09-1433/1

24.Решение за изменување на Решение за формирање Комисија за финансии и буџет и локален економски развој, Бр.09-1434/1

25.Решение за изменување на Решение за формирање Комисија за земјоделие, Бр.09-1435/1

26.Решение за изменување на Решение за формирање Комисија за сообраќај, јавна безбедност и противпожарна заштита, Бр.09-14361

II

Објавувам:
Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани , Бр.09-619/1

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.08-1439/1
11.07.2022 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

## С Т А Т У Т
## за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани

### Член 1

Во Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 3/2006, 10/2006, 4/2008, 9/2008, 7/2010, 10/2014, 5/2015, и 12/2020), се врши следната измена и дополнување:

1.Во Глава XII. „Месна самоуправа“

Во Членот 88 ставот 2 се менува и гласи:

„Ако Одлуката од ставот 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок Одлука за распишување за избор на членови на Советот на облиците на месната самоуправа, донесува Собирот на граѓани, ако и Собирот на граѓани не ја донесе во рок од 30 дена после утврдениот рок, одлуката ја донесува Градоначалникот на Општина Кочани“.

### Член 2

Статутот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1422/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

**Врз основа на член 36 став 1,точка 2 од Законот за Локалната самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со со членот 33 од Законот за буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/2005,4/2008,103/08,156/09,95/1 10,180/11,171/12,192/15 и 167/16) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21,Советот на Општина Кочани на 14-та седница одржана на ден 09.07.2022 година, донесе**

# ОДЛУКА

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2022 година**

**Член 1**

**Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2022 година ,на следниот начин:**

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Е00 Општинска администрација** | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 700.000 | | | |
| 401120 Основни плати-државни службеници | – 350.000 | | | |
| 401310 Персонален данок на доход од плата | -100.000 | | | |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | -250.000 | | | |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани" и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2022 година.**

**Бр.09-1418/1**
**09.07.2022 година**
**Кочани**

**Претседател**
**на Совет на Општина Кочани,**
**Љако Митев**

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14,25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07. 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност на Статут на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување „Светлина Ко 2022“- Кочани

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување „Светлина Ко 2022“- Кочани, донесен од Управниот одбор на ЈП „Светлина Ко 2022 “-Кочани , бр.09-1257/4 од 29.06.2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1423/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 7 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија” бр.79/2009), член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање на предлогот на Советот на општина Штип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново- Облешево

Член 1

Се прифаќа предлогот на Советот на Општина Штип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново- Облешево Бр.08-3266/1 од 19.05.2022 година, за вршење на работи во рамки на проектот „Дигитализација на општинските услуги во Источен плански регион“.

Член 2

Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1427/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак “

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Кочани дава согласност за намена на инвестицијата со цел реализација на проектот „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак“, кој ќе се аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој, за добивање на средства од „Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2022 година - мерка 124 „Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инвестиции во инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште“.

За инвестицијата со погоре опишаната намена, средствата се обезбедени од буџетот на општина Кочани од Програмата за локални патишта и улици во општина Кочани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1429/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак“

Член 1

Со оваа одлука се утврдува приоритет на проектот „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак “, со кој Општина Кочани ќе аплицира до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за добивање на средства од „Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2022 година“ – мерка 124
„Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството и заштита од природните непогоди наменети за: Инвестиции во инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште“.

Средствата потребни за реализација на проектот се обезбедени од буџетот на општината од Програмата за локални патишта и улици во Општина Кочани.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1430/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), а во врска со членот 3, став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 И 77/2021), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 09.07.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање согласност за примање на донација од Друштво за производство, промет и услуги „ВТ Продакшн“ ДООЕЛ Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација од Друштвото за производство, промет и услуги „ВТ Продакшн“ ДООЕЛ Скопје, поврзана со поддржување и промовирање на зголемувањето на ефикасноста и капацитетите на Територијалната противпожарна единица Кочани, а со цел остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејноста од јавен интерес која ја извршува Територијалната противпожарна единица Кочани.
Донацијата се состои од:
Средство за гаснење и заштита од шумски пожари FIRELESS VT - АДИТИВ-РЕТАРДЕР ЗА ВОДА за потребите на Територијалната противпожарна единица Кочани

### Член 2

Вредноста на донацијата изнесува 70.800,00 денари со вклучено ДДВ.

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1431/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 23, став 3 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016, 71/2016 и 31/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## За продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани

### Член 1

По повод празникот на Општина Кочани, Денот Петровден, (12 јули), работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани се продолжува за два часа на 10 и 11 јули 2022 година , а по повод одржувањето на Фестивалот Фридом Мјузик на локација „Споменик на слободата“ во деновите: 12 и 13 август 2022 година, се продолжува работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани за два часа.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1437/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Репшублика Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2022 година во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2022 година во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1415/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2022 година

I

Се усвојува Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1416/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот II квартал 2022 година

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот II квартал 2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1417/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 100 став 2 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.3/2006, 10/2006, 4/2008, 6/2008, 9/2008 ,7/2010, 10/2014, 5/2015 и 12/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани

I

Се прифаќа Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани бр.03-99/99 од 0.07.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1421/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво - Кочани

I

1.Се прифаќа Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво - Кочани.

2.Советот на Општина Кочани бара при првата наредна измена, односно ребаланс на Буџетот на Општина Кочани да се предвидат минимум 300.000,00 денари финансиска поддршка за реализација на Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво - Кочани.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1426/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2023 година

I

Се дава согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов “ – Кочани за 2023 година, Бр.04-263/1 од 02.06.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1419/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани за 2023 година

I

Се дава согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче “ – Кочани за 2023 година, Бр.01-341/1 од 23.06.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1420/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2022 година

I

Се дава согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2022 година, Бр.04-1372/1 од 30.06.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1424/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2023 година

I

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2023 година, Бр.04-1377/1 од 01.07.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1425/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр 5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К

I

Советот на Општина Кочани бара најдоцна до 31.08.2022 година, да се изготви Правилник за утврдување на критериуми за преоритет за изградба на локални патишта и улици.

При изготвување на Правилникот, покрај претставници од општинската администрација во работната група да бидат вклучени и членовите на Советот на Општина Кочани: Ивана Максимова, Жаклина Филипова Свеќаровска и Перо Георгиевски.

Член 2

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1430/2
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018; 143/2019, 14/2020, 95/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Малина Попиванова“ – Кочани за 2023 година

I

Се дава согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов “ – Кочани за 2023 година, Бр.01-222/1 од 06.07.2022 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1438/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 8 од Законот за меѓуопштинска соработка ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009) Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево

I

За член на заедничката комисија за подготовка на предлог-актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново- Облешево, се именува:

-Венцо Бојков – раководител на Одделение за правни и општи работи во Општинска администрација на Општина Кочани

II

Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани.

Бр.09-1428/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 114 став 17 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016,163/2017, 21/2018, 198/2018, 104/2019, 146/2019, 275/2019, 88/2020, 311/2020, 294/2021 И 150/2022), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, од Совет на родители

I

Од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани – претставник од Совет на родители, се разрешува:
-Сашко Трајков

За Член член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани – претставник од Совет на родители се именува:
-Кристина Кочова

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1428/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 55, став 1 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“, бр.3/06,4/08,6/08, 7/010 и 10/014), а во согласност со членот 7, став 3 од Одлуката за наградите на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.9/010 и 06/018), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на членовите и именување членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани.

I

Од членови на Одборот за доделување награди на општината Кочани се разрешуваат:
1Николчо Илијев – градоначалник на Општина Кочани
2.Емилија Серафимова – член на Советот на Општина Кочани
3.Ѓорѓи Алексов - член на Советот на Општина Кочани
4.Кирил Ѓеоргиев- Член на Советот на Општина Кочани
5.Вита Ковачева – актер - пензионерка
6.Славчо Ивановски - новинар
7.Кристина Атанасова Арсова- вработена во НУ Центар за култура „Ацо Шопов“- Штип.

За членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани се именуваат:
1. Љупчо Папазов - Градоначалник на Општина Кочани
2. Кристина Атанасова Арсова- вработена во НУ Центар за култура „Ацо Шопов“- Штип
3. Жаклина Филипова Свеќаровска – Член на

Советот на Општина Кочани
4.Тодорка Таковска - Член на Советот на Општина Кочани
5.Александар Димитров - професор, вработен во СОУ „Љупчо Сантов"- Кочани
6. Ѓорги Серафимов - Претседател на Здружение на пензионери - Кочани
7.Голубинка Георгиева - Раководител на Одделение за јавни дејности во општинска администрација на Општина Кочани.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1433/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со членот 41 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр. 320/06, 10/2006, 4/2008, 6/2008, 9/2008, 7/2010, 10/2014, 5/2015 и 12/2020) ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Решение за формирање Комисија за финансии и буџет и локален економски развој

I
Во Решението за формирање Комисија за финансии и буџет и локален економски развој („Службен гласник на Општина Кочани" бр.19/2021), се врши следната измена:

Точката I се менува и гласи:

I
Се формира Комисија за финансии и буџет и локален економски развој
во состав:

1.Перо Георгиевски - претседател
2.Ивица Лазаров
3.Тоше Михајлов
4.Лидија Серафимова
5.Весна Сенесова

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1434/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со членот 41 став 1 алинеја 8 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани" бр. 320/06, 10/2006, 4/2008, 6/2008, 9/2008, 7/2010, 10/2014, 5/2015 и 12/2020) ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Решение за формирање Комисија за земјоделие

I

Во Решението за формирање Комисија за земјоделие („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.19/2021), се врши следната измена:

Точката I се менува и гласи:

I

Се формира Комисија за земјоделие во состав:

1.Иле Малинов-претседател
2.Ивица Лазаров
3.Лидија Серафимова
4.Сања Атанасова
5.Марјанчо Стоименов

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1435/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со членот 41 став 1 алинеја 8 од Статутот на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 320/06, 10/2006, 4/2008, 6/2008, 9/2008, 7/2010, 10/2014, 5/2015 и 12/2020) ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 09.07.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за изменување на Решение за формирање Комисија за сообраќај, јавна безбедност и противпожарна заштита

I

Во Решението за формирање Комисија за сообраќај, јавна безбедност и противпожарна заштита („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.19/2021), се врши следната измена:

Точката I се менува и гласи:

I

Се формира Комисија за сообраќај, јавна безбедност и противпожарна заштита
во состав:

1.Весна Сенесова– претседател
2.Тоше Михајлов
3.Кристина Атанасова -Арсова
4.Марјанчо Стоименов
5.Иле Малинов

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1436/1
09.07.2022 година
К о ч а н и

Претседател на Советот
на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 5, став 2 од Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 55/07, 145/10, 136/11,163/13 и 147/15) Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 25.02.2022 година, утврди

Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани

I. За имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани се определуваат:

**1) Улици**

-Коце Ефремов

- Борис Стојчев

- Симеон Иванов Канго

- Љупчо Василев

**2) Плоштади**

/

**3) Мостови**

-/

**4) Други инфраструктурни објекти**

-Сашо Лазарев – Чапо

- Јордан Манов- Ѓавол

II. Листата, согласно членот 5 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти се доставува до Владата на Република Северна Македонија, за добивање согласност.

III. Листата за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачје на Општина Кочани влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 09- 619/1
25.02. 2022 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОЗИТЕ:**

1. **САШО ЛАЗАРЕВ - ЧАПО**, КОЧАНСКА КОШАРКАРСКА ЛЕГЕНДА

**(03.06.1968 - 23.12.2021)**

Сашо Лазарев – Чапо, роден во Кочани 1968 година. Близината на неговиот дом до кошаркарските терени во градот беа причината да почне уште од млади години да игра кошарка.

Првите чекори ги учи во локалниот младинската екипа на Кошаркарски клуб „22 Октомври". Под водството на браќата Џамови, Ванчо и Љупчо.

Игра на позицијата и бек и крило а ќе биде запаметен како играч со најмека рака, а неговите кошеви посебно „тројките" уште се во сеќавањата на кочанските љубители на кошарката.

Со преземањето на клубот од страна на Компанијата „Деликатес" станува капитен на Кошаркарскиот клуб „Кочани – Деликатес".

Во 1995 година „Кочани-Деликатес" е освојувач на Кошаркарскиот Куп на Република Македонија а пехарот го прима Сашо Лазарев како негов капитен.

По завршувањето на играчката кариера останува активно да работи со кошарката. Најпрвин во клубот со младите категории, за да набргу го формира Кошаркарскиот клуб „Баскет Дино" низ чии редови поминаа плејада на малди кошаркари кои и денес настапуваат во неколку екипи од Првата и Втората Македонска Кошаркарска Лига.

Имаше големи планови со кошарката бидејќи тоа знаеше најдобро да го работи, но прераната смрт ги урна сите негови соништа.

2. **ЈОРДАН МАНОВ - ЃАВОЛ**, СПОРТСКИОТ НЕИМАР НА КОЧАНИ

**(11.01.1929 - 17.10.1974)**

Кога некој би се решил да прави скала за најголемите спортски работници во градот Кочани, несомнено дека првото место би го зазел Јордан Манов – Ѓаволот. Спортскиот дух кој беше длабоко навлезен во него денес би му ја донел титулата на најголем неимар и визионер за спортот во неговото Кочани.

Иако беше вработен во Собранието на Општина Кочани како геометар сето свое слободно време му го посвети на спортот и на младите од градот, со единствена цел да ги насочи онаму каде што можат да дадат и најмногу. Под неговото остро око поминаа плејада на спортисти од Кочани почнувајќи од втората половина на четириесеттите па завршувајќи на почетокот од седумдесеттите кога го напушти овој свет.

Несомнено дека неговата прва љубов беше гимнастиката но е творец и на ракометот, борењето, кошарката, одбојката, пливањето и во сите други спортови во градот кои ги правеа првите чекори. Сакаше да биде присутен секаде каде имаше спортски натпревари. 1972 година ги следеше Олимписките Игри во Минхен, пред тоа 1966 година за прв пат ја донесе репрезентацијата по гимнастика на Русија во Кочани, организираше безброј спортски манифестации за кои со недели живееше, едноставно таква спортска личност тешко дека набргу во Кочани ќе се роди. За спортските

достигнување има добиено безброј благодарници и ордени. Беше секретар на Гимнастичкиот Сојуз на Македонија и член на претседателството на Гимнастичкиот Сојуз на Југославија. И секогаш се, работеше на волонтерска основа. Јоцо го сакаше спортот ама преди се го сакаше и Кочани, настојуваше да остави барем некаков белег во градот, а колку успеал во тоа зборуваа резултатите кои кочанските спортисти години station наназад ги постигнуваа. Салата на тогашниот ДТВ „Партизан", познатата „Соколана" му беше вториот негов дом.

Спортистите оние сега повозрасните го паметат само по добри нешта. Се сеќаваат како во „Соколаната" беше поставил две табли за кошарка каде овој спорт ги правеше првите чекори и секогаш се играше пред да започне, музичкиот настан „матине" на кој се собираа младите. Во паузата неговите гимнастичари ги забавуваа присутните и со гимнастички вежби, беше првиот во Македонија кој воведе гимнастика со музика, нешто слично на денешната ритмичка гимнастика, беше првиот кој сакаше во Кочани да го развие пливањето и спортовите на вода, кој иако висината во салата тоа не го дозволуваше да формира клуб за одбојка. Помагаше да се развива борењето, шахот, скијањето, едноставно својот живот му го беше посветил на спортот и секако на семејството, на неговата сопруга Лена и на двајцата синови Кирил и Иван.

За жал не дочека да ги види борачите како Европски вице-шампиони, фудбалерите кои стигнаа во „Меѓу републичката" лига во Југославија, кошаркарите и кошаркарките како Шампиони и освојувачи на Купот на самостојна Македонија, ракометарите и ракометарките до височините до кои што стигнаа, а посебно неговите гимнастичари и гимнастичарки кои со години беа меѓу најуспешните во Македонија.

Тешко дека некој во иднина ќе го постигне тоа што го направи за неговиот живот Јордан Манов – Ѓаволот.

3. **Коце Ефремов** - легендарен борач на БК Спартак бил член на југословенската репрезентација на Медитеранските игри во Сплит во 1979 година. Го освоил златниот медал во борење – слободен стил во категорија до 48 килограми. Како репрезентативец на СФРЈ учествувал и на Олимписките игри во Москва во 1980 година и го освоил седмото место. Има добиено награда за најдобар спортист на град Кочани во 20ти век. Како резултат за одбележување е тоа што повеќе од 10 години во професионалната кариера нема изгубено борба во негова категорија.

4. **Борис Стојчев** - еден од најзначајните културни дејци во Кочани, во септември 1950 г. учествувал во формирањето на Околискиот народен театар во Кочани, а во истиот се јавува и во улога на режисер. Во август 1965 г. е назначен за раководител на активностите околу формирањето на Домот на културата "Бели мугри" во Кочани, чиј директор е и во периодот од 1971 до пензионирањето во јуни 1987 година.

Добитник е на повеќе награди и признанија, меѓу кои и на наградата "Мирко Стефановски" на Културно-просветната заедница на Македонија во мај 1986 г.

Иницијатор е за формирање на КУД "Изгрев", ансамбл за староградски песни со кој се снимени голем број песни од Кочани и Кочанско со што трајно се зачувани од заборав.

Во 2021 г. постхумно од Општина Кочани добива наград за животно дело.

5.**Симеон Иванов Канго** - културен уметник и основач на културното движење „Мактеон“ кое ја промовира македонската нација, култура и јазик. Организатор на Рок хепенинг, фестивал со долгогодишна традиција и врвен рок настан во државата. Сопственик на рок школа преку која го има пренесено своето знаење и искуство на многу помлади генерации и придонесено во создавање многу локални музичари

Има издадено седум музички албуми: „Воскреснување“ (1991), „Вознесување“ (1994), „Реинкарнација“ (1995) - албум со преработки на песни на легендарниот гитарист Џими Хендрикс, „Вдахновение“ (1996), „Проповеди“ (1997), „Проповеди“ (1998) - компилација на најдобрите песни на Канго по повод 35-годишнината од неговата кариера, и „Откровение“ (2007).

Канго е автор на четири збирки поезија:

- „Воскреснување“ (1988),
- „Вознесување“ (1989),
- „Вдахновение“ (1990),
- Поемата „Распетие“ (1997).

- 6. **ЉУПЧО ВАСИЛЕВ**, Македонски војник загинат во воените конфликти во 1991 година во СФРЈ
- (1979 – 1991)

- Љупчо Василев е роден во Кочани на 25.02.1972 година. По некоја чудна случајност, денес кога се дава овој предлог за определување имиња на улици, е токму неговиот роденден.
- Тој беше младо 19 годишно момче, кое по завршувањето на средното образование заминува на отслужување на воениот рок во редовите на ЈНА.
- Во декември 1991 година го загубил својот живот за време на ескалацијата на војната во Книн, Хрватска, кога многу поранешни касарни на ЈНА беа опколени од локалните милиции и борци за независност.
- Загинал како македонски војник кој бил во редовите на некогашната ЈНА.
- Сите негови соништа за остварување во неговите најубави години и реализирање на свое семејство се урнале со неговата прерана смрт на бојното поле.
- Општина Кочани му должи вакво дело со кое трајно ќе го зачува неговото име од заборав, а со тоа ќе му оддаде почит по повод триесетгодишнината од неговата прерана смрт.

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 14 јуни 2022 година/viti
Бр./Nr.: 41-2034/1

*Точка 3/52*

**До Општина Кочани**

**Кочани**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
КОЧАНИ

| Примено: | 24.06.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организац.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03- | 1348/1 | | |

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 јуни 2022 година, го разгледа Барањето согласност на Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани, со Предлог-листа, го усвои Барањето и даде согласност на Листата за определување на имиња и улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Далибор Станојковски, помлад соработник
Проверил: д-р Стефан Волкановски, државен советник
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

# С О Д Р Ж И Н А

1.Статут за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани, Бр.09-1422/1
Стр.3

2.Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2022 година , Бр.09-1418/1
Стр.4

3.Одлука за давање на согласност на Статут на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување „Светлина Ко 2022“- Кочани, Бр.09-1423/1
Стр.5

4.Одлука за прифаќање на предлогот на Советот на општина Штип за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево, Бр.09-1427/1
Стр.5

5.Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак“, Бр.09-1429/1
Стр.5

6.Одлука за утврдување на приоритет на проектот „Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во Оризари м.в. Мал Мишјак“, Бр.09-1430/1
Стр.6

7.Одлука за давање согласност за примање на донација од Друштво за производство, промет и услуги ВТ Продакшн ДООЕЛ Скопје, Бр.09-1431/1
Стр.7

8.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани, Бр.09-1437/1
Стр.7

9.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кочани за 2022 година во периодот од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година, Бр.09-1415/1
Стр.8

10.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2022 година, Бр.09-1416/1
Стр.8

11.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за периодот II квартал 2022 година , Бр.09-1417/1
Стр.9

12.Заклучок за прифаќање на Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Кочани , Бр.09-1421/1
Стр.9

13.Заклучок за прифаќање на Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво- Кочани, Бр.09-1426/1
Стр.9

14.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2023 година, Бр.09-1419/1
Стр.10

15.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани за 2023 година, Бр.09-1420/1
Стр.10

16.Заклучок за давање согласност на Планот за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2022 година, Бр.09-1424/1
Стр.11

17.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2023 година, Бр.09-1425/1

Стр.11

18.Заклучок за прифаќање на Програмата за работа на Доброволното противпожарно друштво- Кочани, Бр.09-1426/1

Стр.11

19.Заклучок , Бр.09-1430/2

Стр.11

20.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Малина Попиванова“ – Кочани за 2023 година, Бр.09-1438/1

Стр.12

21.Решение за именување член во заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Кочани, Карбинци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево, Бр.09-1428/1

Стр.12

22.Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, од Совет на родители, Бр.09-1432/1

Стр.13

23.Решение за разрешување на членовите и именување членови на Одборот за доделување награди на Општина Кочани, Бр.09-1433/1

Стр.13

24.Решение за изменување на Решение за формирање Комисија за финансии и буџет и локален економски развој, Бр.09-1434/1

Стр.14

25.Решение за изменување на Решение за формирање Комисија за земјоделие, Бр.09-1435/1

Стр.14

26.Решение за изменување на Решение за формирање Комисија за сообраќај, јавна безбедност и противпожарна заштита, Бр.09-14361

Стр.15

II

Листа за определување имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Кочани , Бр.09-619/1

Стр.16